Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16-1.2-386/1

Скопје 11. 03. 2020

**До**

**Предмет: РЕШЕНИЕ за одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

РЕШЕНИЕ
**за одговор на барање за слободен пристап до бараната информација**

Во врска со Вашето барање со ваш број I 0306-209/1 од 21.02.2020 за пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме за следното:

- **Прашање под реден број 1.** Вкупен број на лица и националности кои биле претходно задржани во ПЦС а потоа истите протерани/отстранети од територијата на Р.С.Македонија во периодот од 01.01. до 31.12.2019 година е следниот:

| **националност** | **протерани** | **отстранети** |
|---|---|---|
| Турција | 13 | 03 |
| Ирак | | 02 |
| Албанија | 18 | |
| Гана | | 02 |
| Иран | 01 | |
| Бугарија | 01 | |
| Косово | 19 | 01 |
| Србија | 05 | 02 |
| Јордан | | 01 |
| Вкупно | 57 | 11 |


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

- **Прашање под реден број 2.** Во периодот од 01.01. до 31.12.2019 година, изготвени/издадени се решенија за присилно отстранување/протерување на вкупно **274 странски државјани**. Истите се донесени согласно член 101 од Законот за странци, при што поради изречена казна затвор издадени се решенија на 73 лица, потоа поради незаконски престој-на 111 лица, поради повеќепати повторени или потешки повреди на Законот за странци-на 24 лица и поради други причини од истиот член-на 66 лица.

- **Прашање под реден број 3.** Врз основа на изготвените/издадени решенија, во периодот од 01.01. до 31.12.2019 година присилно се отстранети вкупно **141 странски државјанин**.

- **Прашање под реден број 4.** Број на лица и држави во кои лицата кои биле претходно задржани во ПЦС, а потоа истите протерани или присилно отстранети од 01.01.2019 до 31.12.2019 година

| **држави** | **протерани** | **отстранети** |
|---|---|---|
| Турција | 13 | 03 |
| Ирак | | 02 |
| Албанија | 18 | |
| Гана | | 02 |
| Иран | 01 | |
| Бугарија | 01 | |
| Косово | 19 | 01 |
| Србија | 05 | 02 |
| Јордан | | 01 |
| Вкупно | 57 | 11 |

- **Прашање под реден број 5.** Во Р.С.Македонија на граничните премини со соседните земји во периодот од 01.01. до 31.12.2019 година по разни основи одбиен им е влез на 2.346 странски државјани.

- **Прашање под реден број 6.** Во периодот од 01.01. до 31.12.2019 година, спречени се вкупно **24.601 обиди за илегално преминување** на границите

со соседните земји, најголем дел од нив на границата со Р.Грција-21.949 и Р.Србија-2.106.

- **Прашање под реден број 7.** При обид за илегален влез во државата во периодот од 01.01. до 31.12.2019 година спречени се вкупно 19.549 странски државјани, најчесто на граница со Р.Грција-19.090.

- **Прашање под реден број 8.** Бројот на странци кои доброволно ја напуштиле државата по издадено решение за протерување во период од 01.01.2019 до 31.12.2019 година е вкупно 377 лица.

- **Прашање под реден број 9.** Број на државјани на Р.С.Македонија вратени во Р.С.Македонија по основ на склучени договори за реадмисија во период од 01.01.2019 до 31.12.2019 година е следниот:

- Германија – 674
- Австрија – 74
- Холандија -18
- Швајцарија – 78
- Франција – 109
- Италија – 19
- Бугарија – 3
- Шпанија – 1
- Шведска – 50
- Грција -10
- Данска – 39
- Белгија-32
- Финска - 1
- Словенија – 2
- Чешка – 2
- Луксембург -1
- Б и Х – 1
- Полска – 7


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

- **Прашање под реден број 10.** Во период од 01.01.2019 до 31.12.2019 година нема странски државјани вратени во Р.С.Македонија по склучени договори за реадмисија во бараниот период.

- **Прашање под реден број 11.** Бројот на странски полициски службеници присутни во Р.С.Македонија во период од 01.01.2019 до 31.12.2019 година изнесува 1550 полициски службеници распоредени на јужната граница. Мандатот и статусот се регулирани врз основа на билатерални договори и соодветни протоколи во рамките на меѓународни заеднички операции.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] од Скопје поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерство за внатрешни работи.

По добивањето на барањето од страна на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, истото беше доставено до Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа и Одделот за гранични работи и миграции при Бирото за јавна безбедност од каде добивме одговор кој што му го доставуваме на барателот.

**Изработил: Јован Пешевски**
**Контролирал: Сузана Прањиќ Талевска**
**Одобрил: Наталија Спирова**

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
**Тони Ангеловски**


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015